РЕПУБИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/74 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по историја за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ
СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИСТОРИЈА

## VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## 1. НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Предметот историја има значајно место во воспитно-образовниот процес во основното деветгодишно образование за учениците со оштетен вид кои треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови на одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставата по историјата, исто така, дава придонес во изградувањето вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и сé она што претставува цивилизациско постигање во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

Статусот на наставниот предмет е задолжителен. Застапен е со 2 часа неделен фонд, односно 72 часа годишен фонд

## 2 . ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

***Ученикот /ученичката:***

- да усвојува основни знаења за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- да ги открива причинско - последичните врски на историските појави и развивање критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни процеси;
- да ги спознава општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските случувања;
- да ја сфати врската меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделни општества низ историскиот развој;
- да го осознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста, за да знае да ја креира иднината на сопствениот живот;
- да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина, а истовремено да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- да знае да ги распознава културните и верските разлики меѓу народите;
- да разива чувсвто на почит и лојалност кон Република Македонија;
- да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- да знае правилно да ги согледува настаните и процесите во сопствената историја и компаративно да ја согледува историјата на балканските и европските народи;
- да се поттикнува на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу македонците, албанците, турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;
- да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи и да развива почит за културните вредности;
- да гради свест за почитување на човековите права и слободи.

## 3 . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

***Ученикот /ученичката:***

- да ги разликува историските периоди и да знае за нивните основни карактеристики;
- да ги запознае различните начини на сметање на времето кај старите народи;
- да ги открива општествените уредувања на државите на речните цивилизации од стариот Исток со нивните посебни карактеристики;
- да ги открива заедничките карактеристики на државите од стариот век;
- да се запознава со одделните историски појави и процеси од праисторијата и стариот век;
- да се запознава со значењето и придонесот на историските личности од овој историски период;
- да се запознава со развојот на економијата, науката и културата во државите на речните цивилизации;
- да се запознава со основните црти и одлики на хеленската, римската, илирската и старомакедонската култура;
- да се запознава со најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на македонската држава;
- да ги посочува разликите и сличностите на балканските народи низ историјата на стариот век.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД (ориентационо 5 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае со предметот историја како наука, како и со тоа што проучува;<br>- да се запознаесо поделбата на историјата (историски периоди);<br>- да стекнува знаења за историските периоди;<br>- да формира претстава за исто-риски период како временска категорија;<br>- да умее да ги разликува главните карактеристики на историските периоди – стар, среден, нов век, најново време;<br>- да ги знае начините на сметање на времето кај старите народи;<br>- да се запознае со историските извори - нивното значење за осознавање на минатото; | Историјата и нејзиното значење | Историски извори<br><br>Историо-графија | ❖ Разгледување историска и географска карта –карта на праисторијата, стариот век и на современа Република Македонија (слабовидните ученици можат да ја перципираат со помош на рачни лупи, или на ТВ лупа, а за слепите ученици може да се изработат релјефни карти на sweel touch машина).<br><br>❖ Читање и разговор за текстови од различни историски периоди од историска читанка, енциклопедии и стручни списанија.<br><br>❖ Разгледување Интернет WEB страни со содржини од тематиката-слепите ученици користат компјутерска говорна JAWS програма. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да формира временска дистинкција – некогаш - сега; далечно минато – блиско минато. | | Ера<br>Век<br>Стар век<br>Праисторија<br>Историја | ❖ Самостојна работа на учениците: изработка на хронолошка лента за историските периоди – слабовидните ученици секој период ќе го означуваат со различна боја, а слепите ученици со различна текстура/материјал и со Брајово писмо ќе го запишуваат секој историски период.<br><br>❖ Ориентација на хронолошката лента, подредување на историските периоди.<br><br>❖ Разгледување со слабовидните учениците слики, фотографии од стари ракописи, стари книги, археолошки и други историски извори (за слепите ученици ќе следува вербално објаснување и опис на историските извори) слушање аудиозаписи.<br><br>❖ Изработка на постер/плакат-историски периоди.<br><br>❖ Цртање, сликање, моделирање предмет, или друг детал од некој историски период по избор на учениците (кој им оставил посебен впечаток). |

| 2. **ПРАИСТОРИЈА** (ориентационо 7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да знае за постоењето различни теории за настанокот на човекот -според религијата и според науката;<br>- да се запознае со теориите за настанокот на човекот според религијата и според науката; | Настанок на човекот<br><br>Животот на човекот во каменото и металното време | Еволуција<br>Раса<br>Орда<br>Род<br>Племе<br>Братство<br>Религија | ❖ Разгледување илустративен материјал: фотографии, слики и други историски извори со помош на рачни и ТВ лупи (на слепите ученици со дополнителна вербална поддршка/објаснување, опишување ќе им се пренесуваат овие материјали). |
| - да знае да ја објасни улогата на работата во настанувањето и развојот на човекот;<br>- да стекне основни знаења за животот на човекот во праисторијата;<br>- да ја сфати улогата на огнот во промените на начинот на живот на луѓето во праисторијата; | Верувањето на човекот во најстарите заедници | Камено време<br>Метално време<br>Наколни живеалишта<br>Материјални остатоци<br>Археологија | ❖ Читање текстови од историска читанка, енциклопедии, содржини за тематиката од стручни списанија, разговор за истите.<br><br>❖ Користење Интернет – учениците самостојно пребаруваат линкови по дадени инструкции и насоки од наставникот и откриваат текстови за обработените содржини на часот. Слепите ученици работат со компјутерска говорна JAWS програма. |
| - да го разбере значењето на откривањето на металите и нивната употреба;<br>- да ја усвои терминологија за различни видови заедници на човекот- орда, род, братство, племе; | Балканот и Македонија во праисторијата | Тотем<br>Тотемизам<br>Анима<br>Анимизам | ❖ Цртање, моделирање, изработка на макети на предмети од секојдневниот живот, првите орудија на човекот, првите живеалишта и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да стекне знаења за начинот на живеење на луѓето во заедници;<br><br>- да ги осознае причините за распаѓање на првобитната заедница;<br><br>- да знае за настанувањето на државата како нов облик, нова заедница на луѓето;<br><br>- да се запознае со првите форми на верувања кај луѓето во разни натприродни сили и други верувања поврзани со нивниот живот;<br><br>- да ги знае најзначајните археолошки локалитети во Македонија, нивната локација;<br><br>- да стекне знаења за артефактите, изворите, археолошките и историските податоци од праисторијата на Македонија. | | Кокино<br>Виничко кале<br>Говрлево | ❖ Посета на археолошки музеј.<br><br>❖ Изработка на постер/плакат со фотографии, слики од археолошките наоѓалишта во РМ, на кој учениците ќе ги запишат главните податоци за локалитетот-на видно писмо и со Брајово писмо.<br><br>❖ Посета на археолошко наоѓалиште.<br><br>❖ Организирање квиз натпревар на тема: ***Праисторија.*** |

| 3. РЕЧНИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да стекне знаења за постоењето на најстарите цивилизации и да ги именува;<br>- да знае да ги наброи природните фактори кои делувале на развојот на старите цивилизации и првите држави: Кина, Индија, Месопотамија, Египет - да знае да го објасни нивното влијание;<br>- да знае да ја именува структурата на населението, да открива сличности и разлики во однос на нивните права и слободи;<br>- да се запознае со начинот на живеење на луѓето – образование, занимања, исхрана и сл.;<br>- да стекне знаења за достигнувањата во градежништвото, уметноста и науката во тој период – да ги знае најпознатите дела на народите од стариот Исток;<br>- да знае да ги опише посебните одлики кај одделни стари народи;<br>- да се запознае со верувањата кај старите народи. | Најстарите цивилизации<br><br>Старата египетска држава<br><br>Културата и верувањата на народите на стариот Исток | Цивилизација<br>Стар исток<br>Роб<br>Ропство<br>Иригација<br>Сфинга<br>Фараон<br>Пирамида<br>Саркофаг<br>Мумија<br>Балсамирање<br>Сликовно писмо (хиероглиф)<br>Клеопатра<br>Клинесто писмо<br>Еп<br>Многубоштво<br>Храм<br>Свештенство | ❖ Разгледување стари историски и географски карти, воочување на местоположбата и распространетоста на старите држави.<br>❖ Споредување на изгледот на картата на светот сега и во минатото - слабовидните ученици користат рачни и/или ТВ лупи, слепите ученици користат релјефни карти изработени на swell touch машина, или релјефно обележани карти со друг материјал.<br>❖ Читање текстови од историска читанка, енциклопедии, разговор, објаснување.<br>❖ Разгледување слики на ТВ лупа, нивно опишување.<br>❖ Игра: ***Пополнувалка*** – работа во парови - учениците добиваат фотографии од знаменитости, личности и табела со полиња со испишани имиња на видно писмо и Брајово писмо. Ученикот треба личноста и/или знаменитоста да ја стави во соодветно поле.<br>❖ Читање текстови за животот на познати историски личности - Клеопатра и други значајни личности.<br>❖ Следење документарен филм за стариот Исток, старите цивилизациии, водење разговор по проекцијата.<br>❖ Цртање/моделирање сфинга, пирамида. |

| 4. БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае со појавата на населување на Балканот во периодот на стариот век;<br>- да знае кои биле народите кои го населиле Балканот во стариот век;<br>- да се запознае со природните услови, местоположбата и населението на Хелада;<br>- да стекне знаење за Хомер како историска личност од тој период – за Хомеровото време;<br>- да знае за почетоците на хеленската колонизација;<br>- да стекне знаења за колонизацијата како историска појава;<br>- да знае да ги именува првите градови - држави /полиси;<br>- да го сфати постанокот на полисите (градови – држави);<br>- да ги воочи разликите во државното и општествено уредување меѓу Атина и Спарта;<br>- да се запознае со важните одлики на религијата и митологијата на хелените;<br>- да знае за појавата и значењето на Олимписките игри во животот на хелените и нивното историско значење; | Хелада<br><br>Спарта и Атина<br><br>Културата на хелените<br><br>Илири | Хелада<br><br>Хелени<br><br>Полис<br><br>Демос<br><br>Демократија<br><br>Аристо-кратија<br><br>Колонија<br><br>Колонизација<br><br>Театар<br><br>Комедија<br><br>Трагедија<br><br>Митологија<br><br>Уметност | ❖ Разгледување стари историски и географски карти, воочување на местоположбата и распространетоста на старата држава Хелада, Илирија со помош на ТВ лупа, а за слепите ученици се користат релјефни карти.<br><br>❖ Споредување на изгледот на картата на светот сега и во минатото - слабовидните ученици користат рачни и/или ТВ лупи, слепите ученици користат релјефни карти изработени на swell touch машина, или релјефно обележани карти со друг материјал.<br><br>❖ Читање текстови од историска читанка, енциклопедии; пребарување на Интернет страни (слепите ученици работат со компјутерска говорна JAWS програма).<br><br>❖ Разговор за прочитаните текстови, објаснување на непознати зборови, изрази и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го запознае начинот на живеење (улогата на жената, образованието, занимањата, исхраната, облекувањето, лекувањето и сл.);<br>- да ги знае најважните постигања во културата на хелените (книжевност, театар, архитектура, градежништво, уметност, наука и сл.);<br>- да се запознае со потеклото на илирите-природните услови, географската положба;<br>- да знае да ги именува илирските племиња;<br>- да се запознае со начинот на живеење, религијата, јазикот, културата и др.;<br>- да знае да го опише создавањето и развојот на илирските кралства на Балканот. | Илири<br><br>Илирски кралства | Филозофија<br><br>Олимписки игри<br><br>Илирија<br><br>Задгробен живот<br>Утврдени населби<br><br>Материјални остатоци | ❖ Разгледување слики на ТВ лупа-опишување на тоа што гледа..<br><br>❖ Читање познати грчки митови.<br><br>❖ Цртање/моделирање на симболот на Олимписките игри<br><br>❖ Работа во група - изработка на постер/плакат со фотографии од најпознатите споменици и личности од хеленската култура (првата група) и илирската култура (втората група) и краток текст за нив запишан на видно и на Брајово писмо. |

| 5. МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да стекнува сознанија за најстариот период на македонската историја<br>- да знае на историска карта на Балканот во стариот век да ја определи територијата на Македонија;<br>- да се запознае со природните услови на земјата и населението во Македонија;<br>- да го разбере процесот на формирањето на државата;<br>- да го објаснува потеклото и името на Македонија;<br>- да стекне сознанија за уредувањето на државата, за реформите и да знае да го објасни нивното делување во јакнењето на Македонската држава во времето на Филип II;.<br>- да се запознае со личноста на Александар III (образование, воспитување и издигање во голем владетел);<br>- да ја сфати визијата на Александар III Македонски за рамноправност, толерантност и заедничко живеење на народите, неговото владеење на чело на државата;<br>- да знае да го опише ширењето на македонската држава; | Македонската држава<br><br>Филип II<br><br>Македонската држава во времето на Филип II<br><br>Македонската држава во времето на Александар III Македонски | Горна Македонија<br><br>Долна Македонија<br><br>Македон<br><br>Народно собрание<br><br>Хетајри<br><br>Филип<br><br>Пела<br><br>Олимпија<br><br>Александар Македонски (Велики)<br><br>Статер<br><br>Свет град Каусија | - Разгледување стари историски и географски карти, воочување на местоположбата на старата македонска држава со помош на ТВ лупа, а за слепите ученици се користат релјефни изработени карти.<br><br>- Читање текстови од историска читанка, енциклопедии.<br><br>- Пребарување на Интернет страни (слепите ученици работат со компјутерска говорна JAWS програма).<br><br>- Разговор за прочитаните текстови, објаснување на непознати зборови.<br><br>- Разгледување фотографии на ТВ лупа, од споменици и други дела, фотографии на историските личности од изучуваниот период – Филип II., Александар III Македонски, нивно опишување.<br><br>- Цртање/моделирање споменици од културата по избор на учениците. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ✦ да ги открие посебностите на македонската култура, јазик, обичаи, начин на живеење;<br>✦ да стекне знаења за причините за распаѓањето на македонската држава на Александар III Македонски;<br>❖ да се запознае со процесот на создавањето на хеленистичките држави;<br>❖ да го сфати поимот хеленизам;<br>❖ да се запознае со постигањата на хеленистичката култура (ги именува и да ги препознава најважните дела);<br>❖ да се поттикнува кон разбирање и почитување на историјата на народите и прифаќање на разликите. | Александар III Македонски<br><br>Културата на Македонците<br><br>Хелинистички период | Букефал<br>Фаланга<br>Гордиев јазол<br>Фаланга<br><br>Хеленизам<br>Хеленизација | ❖ Читање текстови за животот на Александар III Македонски.<br><br>❖ Работа во парови – секој пар има задача да изработи преглед /табела со главните карактеристики на еден од изучуваните народи. При презентациите на трудовите се врши споредба кои сличности и разлики ги имаат овие народи и се запишуваат во Т табела, со учениците потоа се отвора дискусија.<br><br>❖ Демонстрација на некои од обичаите на античките македонци во изведба на учениците. |

| 6. СТАРИОТ РИМ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да стекне сознанија за настанокот на градот Рим;<br>- да знае да го опише настанувањето на Римската држава – причините за нејзиното создавање;<br>- да се запознае со општественото и државното уредување на римската држава;<br>- да ги именува слоевите на населението во римската држава (права и слободи);<br>- да стекне сознанија за подемот и проширувањето на државата на три континенти;<br>- да го запознае начинот на живеење на луѓето (улогата на жената, образованието на децата, занимањата, исхраната, облекувањето, лекувањето);<br>- да се запознае со поимот реформа;<br>- да се запознае со реформите на браќата Граси;<br>- да знае за причините за дигањето на Спартаковото востание, текот и крајот;<br>- да ги сфати причините за слабеењето на државата и нејзиното распаѓање;<br>- да се запознае со културните вредности на римската држава (книжевност, наука, уметност, рели-гија, градежништво и др.);<br>- да го разбере христијанството како една од | Настанок на римската држава<br><br>Јакнење и проширување на римската држава<br><br>Внатрешни борби во римската | Патриции<br>Плебејци<br>Сенат<br>Народно собрание<br>Форум<br>Легија<br>Гладијатори<br>Катапулт<br>Колонат<br>Република<br>Царство<br>Трибун<br>Конзул<br>Амфитеатар | ❖ Разгледување историски и географски карти, воочување на местоположбата и распростирањето на старата римска држава со помош на ТВ лупа, за слепите ученици се користат релјефни изработени карти.<br>❖ Читање на текстови од историска читанка, енциклопедии.<br>❖ Пребарување на Интернет страни (слепите ученици работат со компјутерска говорна JAWS програма).<br>❖ Разговор за прочитаните текстови, објаснување на непознати зборови.<br>❖ Следење документарен филм за римската империја.<br>❖ Разгледување фотографии на ТВ лупа, од најпознати споменици и други дела, од времето на римската империја, нивно опишување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| религиите;<br><br>❖ да знае да како христијанството се појавило во римската држава, каков бил односот на државата кон христијаните, како течел процесот на прифаќањето на христијанството за државна религија. | држава<br><br>Римската култура<br><br><br><br>Појава на христијан-ството | Колосеум<br><br>Терми<br><br>Аквадукт (водовод)<br><br>Латински јазик<br><br>Катакомби<br><br>Исус Христос<br><br>Воскреснување<br><br>Апостол<br><br>Библија<br><br>Црква | ❖ Цртање/моделирање/изработка на макета на Колосеум, Амфитеатар и др. (по избор на учениците).<br><br>❖ Изработка на плакат - хиерархија на општествено/државно уредување во римската држава (видно и Брајово писмо).<br><br>❖ Со учениците се води разговор за нивните познавања за христијанската религија, за црквата како религиозен објект, за Библијата, за Куранот, за Талмудот и сл. |

| 7. ВЛИЈАНИЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА НА БАЛКАНОТ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да стекне знаења за ширењето на Римската Империја на Балканот (Македонија);<br>- да знае кои народи живееле на Балканот и за нивниот отпор против римската власт;<br>- да знае за појавата и ширењето на христијанството на Балканот;<br>- да ги осознае вредностите на римската култура на Балканот (начинот на живеење, религијата, писменоста, градежништвото, уметноста и др.);<br>- да се запознае со придобивките од времето на владеење на римската империја (изградба на патишта, градови други градби на римјаните во Македонија);<br>- да ги знае најважните градби/дела на римјаните во Македонија;<br>- да ги сфати причините за опаѓањето и пропаѓањето<br>на Римското Царство. | Ширењето на Римската Империја на Балканот и Македонија<br>Отпорот против Римската Империја од страна<br>на народите на Балканот<br>Појава и ширење на христијан-ството на Балканот и Македонија<br>Културата во време на римското владеење<br>Пропаѓање на римската држава | Провинција<br>Сојуз<br>Денар<br><br>Романи-зација<br><br>Христијани-зација<br>Христијански општини<br>Послание<br>Базилика<br>Мозаик<br><br>Источно Римско Царство<br><br><br>Западно Римско Царство | ❖ Разгледување историски и географски карти за ширењето на Римската Империја на Балканот, во Македонија, со помош на ТВ лупа (за слепите ученици се користат релјефни изработени карти).<br>❖ Читање текстови од историска читанка, енциклопедии, стручни списанија, за обработуваните содржини, разговор за истите.<br>❖ Разгледување фотографии на ТВ лупа споменици, градби и други дела, од времето на Римската Империја.<br>❖ Опишување споменици, градби и други дела, од времето на Римската Империја.<br>❖ Посета на локалитетот Скупи.<br>❖ Реализирање групна активност - учениците добиваат задача да пронајдат на Интернет текстови, фотографии за локалитети, остатоци од градби во Македонија од времето на римското владеење, да изработат карта на Македонија и да ги обележат локалитетите на картата, а од фотографиите и текстовите да изработат албум – текстовите да бидат напишани и на Брајово писмо. |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на наставната програма по историја намената за учениците од VI одделение се поаѓа од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците. Реализацијата на програмски предвидените наставни содржини со учениците со оштетен вид претпоставува почитување на видот и степенот на оштетувањето на видот. Наставните содржини се изучуваат преку историјата на секојдневното живеење, културата, обичаите, а не преку војните. Наставникот ги поттикнува учениците да се запознаат и да ги сфатат историските процеси, а не инсистира на фактографско помнење на сите датуми од историскиот период што се разработува.

*Насоки за меѓупредметно поврзување*

Оваа наставна програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањата на општествениот развој во историскиот период, а целите, содржините и активностите се компонирани за меѓусебно поврзување одредени теми и содржини со наставните предмети од општествената група на науки (мајчин јазик, ликовно образование, музичко образование и др.).

*Препораки за користење на годишниот фонд*

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени само како ориентација заедно со конкретните цели и теми, содржини.

Наставникот не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку сопствената креативност и поинаквото користење на часовите треба да го проценува според постигањата на учениците, т.е. според промените во квалитет на знаењата и способностите кои тие ги постигаат.

*Наставни средства:*

- учебник по историја наменет за учениците од VI одделение одобрен од министерот за образование и наука;
- користење на пошироката околина, односно истражување на локалната средина на историски и географски објекти и остатоци на археолошки ископини од национална вредност;
- користење на историски карти, атласи, текстови, постери, фотографии, цртежи, карикатури, албуми, макети, хронолошки таблици и сл.;
- користење енциклопедии, речници, списанија итн.;
- користење аудиовизуелни средства, документарни филмови, Интернет, образовни софтвери и сл.

## 6 . ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот ги спроведува, односно во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење - оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти:

- начин на проверување и оценување:
  - усно излагање;
  - презентација;

- други средства и постапки за следење и оценување:
  - наставни ливчиња;
  - ученички квиз;
  - играње улоги.

Постигањата на учениците во текот и на крајот годината се оценуваат со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на норматив за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, а е донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8 . НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по историја за шесто одделение во основното деветогодишно образование предвидени се наставници со завршен:

- Филозофски факултет - Институт за историја;
- Педагошки факултет - Институт по историја – географија;
- дополнителна дефектолошка доообразба;
- дефектолошки факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *историја* за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------
Скопје

Министер,

Спиро Ристовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 11-3963/1
19.08. 20 13 год.
СКОПЈЕ